Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
Македония
Goce Delcev University in Stip,
Macedonia

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Трета меѓународна научна конференција

Третья международная научная конференция

Third International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

**ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ**

**ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИ**

**PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION**

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

**26-27 април 2018 / 26-27 апреля 2018 / 26-27 April 2018**

**Штип Штип Stip**

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
Македония
Goce Delcev University in Stip,
Macedonia

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Трета меѓународна научна конференција

Третья международная научная конференция

Third International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

**ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ**

**ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИ**

**PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION**

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

26-27 април 2018 / 26-27 апреля 2018 / 26-27 April 2018
Штип Штип Stip

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821(062)
811(062)
316.7(062)
37(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (3 ; 2018 ; Штип)
Филологија, култура и образование [Електронски извор] : зборник на трудови / Трета меѓународна научна конференција, 26-27 април 2018, Штип = Филология, культура и образование : сборник статей / Третья международная научная конференция, 26-27 апреля 2018, Штип = Philology, culture and education : conference proceedings / Third International Scientific Conference, 26-27 April 2018, Stip. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" = Университет имени Гоце Делчева = Shtip : Goce Delcev University, 2018

Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/index.php/fe. - Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Текст во PDF формат, содржи 737 стр. , табели, граф. прикази. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.12.2018. - Abstracts кон повеќето трудови. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-593-9
1. Насп. ств. насл.
а) Книжевност - Собири б) Јазици - Собири в) Култура - Собири г) Образование - Собири
COBISS.MK-ID 109270026

## ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ

Драгана Кузмановска, Филолошки факултет при УГД
Ољга А. Бердникова, Филолошки факултет при ВГУ
Светлана Јакимовска, Филолошки факултет при УГД
Татјана А. Тернова, Филолошки факултет при ВГУ
Виолета Димова, Филолошки факултет при УГД
Генадиј Ф. Ковањов, Филолошки факултет при ВГУ
Костадин Голаков, Филолошки факултет при УГД
Лариса В. Рибачева, Филолошки факултет при ВГУ

## МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ

Виолета Димова (Македонија)
Даниела Коцева (Македонија)
Драгана Кузмановска (Македонија)
Ева Ѓорѓиевска (Македонија)
Марија Кусевска (Македонија)
Силвана Симоска (Македонија)
Татјана Стојановска Иванова (Македонија)
Лариса В. Рибачева (Русија)
Софија Заболотнаја (Русија)
Татјана А. Тернова (Русија)
Татјана Атанасоска (Австрија)
Олег Н. Фенчук (Белорусија)
Јулиа Дончева (Бугарија)
Билјана Мариќ (Босна и Херцеговина)
Душко Певуља (Босна и Херцеговина)
Волф Ошлис (Германија)
Волфганг Моч (Германија)
Габриела Б. Клајн (Италија)
Михал Ванке (Полска)
Мајкл Рокланд (САД)
Даниела Костадиновиќ (Србија)
Селена Станковиќ (Србија)
Тамара Валчиќ-Булиќ (Србија)
Ахмед Ѓуншен (Турција)
Нецати Демир (Турција)
Шерифе Сехер Ерол Чал›шкан (Турција)
Карин Руке-Брутен (Франција)
Танван Тонтат (Франција)

**Технички секретар**
Марица Тасевска
Ирина Аржанова

**Главен и одговорен уредник**
Драгана Кузмановска

**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Марјана Розенфелд (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)
Снежана Кирова (англиски јазик)
Татјана Уланска (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Костадин Голаков
Марица Тасевска
Славе Димитров

**Адреса на организацискиот комитет:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

Воронешки државен универзитет
Филолошки факултет
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија

Е-пошта: filko.conference@gmail.com
Веб-страница: http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска, Филологический факультет при УГД
Ольга А. Бердникова, Филологический факультет при ВГУ
Светлана Якимовска, Филологический факультет при УГД
Татьяна А. Тернова, Филологический факультет при ВГУ
Виолета Димова, Филологический факультет при УГД
Геннадий Ф. Ковалев, Филологический факультет при ВГУ
Костадин Голаков, Филологический факультет при УГД
Лариса В. Рыбачева, Филологический факультет при ВГУ

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**
Виолета Димова (Македония)
Даниела Коцева (Македония)
Драгана Кузмановска (Македония)
Ева Гёргиевска (Македония)
Мария Кусевска (Македония)
Силвана Симоска (Македония)
Татьяна Стояновска-Иванова (Македония)
Лариса В. Рыбачева (Россия)
Софья Заболотная (Россия)
Татьяна А. Тернова (Россия)
Татяна Атанасоска (Австрия)
Олег Н. Фенчук (Беларусь)
Юлиа Дончева (Болгария)
Биляна Марич (Босния и Херцеговина)
Душко Певуля (Босния и Херцеговина)
Вольф Ошлис (Германия)
Волфганг Моч (Германия)
Габриелла Б. Клейн (Италия)
Ева Бартос (Польша)
Михал Ванке (Польша)
Майкл Рокланд (США)
Даниела Костадинович (Сербия)
Селена Станкович (Сербия)
Тамара Валчич-Булич (Сербия)
Ахмед Гюншен (Турция)
Неджати Демир (Турция)
Шерифе Сехер Эрол Чал'шкан (Турция)
Карин Рукэ-Брутэн (Франция)
Танван Тонтат (Франция)

**Ученый секретарь**
Марица Тасевска
Ирина Аржанова

**Главный редактор**
Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонский язык)
Марьяна Розенфельд (русский язык)
Бильяна Иванова (английский язык)
Снежана Кирова (английский язык)
Татьяна Уланска (английский язык)

**Техническое редактирование**
Костадин Голаков
Марица Тасевска
Славе Димитров

**Адрес организационного комитета**
**Университет им. Гоце Делчева – Штип**
Филологический факультет
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македония

Воронежский государственный университет
Филологический факультет
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия

**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-сайт:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**EDITORIAL STAFF**
Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Olga A. Berdnikova, Faculty of Philology, VGU
Svetlana Jakimovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Violeta Dimova, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
Daniela Koceva (Macedonia)
Dragana Kuzmanovska (Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Marija Kusevska (Macedonia)
Silvana Simoska (Macedonia)
Tatjana Stojanovska-Ivanova (Macedonia)
Violeta Dimova (Macedonia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Sofya Zabolotnaya (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Tatjana Atanasoska (Austria)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)
Wolf Ochlies (Germany)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Ewa Bartos (Poland)
Michal Wanke (Poland)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Selena Stankovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Sebia)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Necati Demir (Turkey)
Şerife Seher Erol Çalişkan
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Michael Rockland (USA)
**Conference secretary**
Marica Tasevska
Irina Arzhanova

**Editor in Chief**
Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Maryana Rozenfeld (Russian)
Biljana Ivanova (English)
Snezana Kirova (English)
Tatjana Ulanska (English)
**Technical editing**
Kostadin Golakov
Marica Tasevska
Slave Dimitrov
**Address of the Organizational Committee**
**Goce Delcev University - Stip**
**Faculty of Philology**
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

**Voronezh State Universiy**
**Faculty of Philology**
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia

**E-mail:** filko.conference@gmail.com
**Web-site:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

## СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT

1. **Adili Bujar** – CHALLENGES AND PERSPECTIVES OF INTERCULTURAL EDUCATION IN MACEDONIA ........ 13
2. **Angelovska Irena** – MULTICULTURAL MUSIC EDUCATION- OPPORTUNITIES, ACHIEVEMENTS, IMPROVEMENTS ........ 21
3. **Асимопулос Панаётис** – НЮАНСЫ НИЦШЕАНСКОГО НИГИЛИЗМА В ФЁДОРЕ ДОСТОЕВСКОМ: «ПРЕСТУПЛЕНИЕ И НАКАЗАНИЕ» И «БЕСЫ» ........ 33
4. **Балек Тијана** – АКСИОЛОШКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ФРАЗЕМА С КОМПОНЕНТАМА НЕБО И ЗЕМЉА У РУСКОМ И СРПСКОМ ЈЕЗИКУ – КВАЛИФИКАЦИЈА ЉУДСКИХ ОСОБИНА И СИТУАЦИЈА ........ 45
5. **Бужаровска Елени** – ПРИМАРНОСТА НА СЕМАНТИЧКИОТ ПРИОД ВО АНАЛИЗАТА НА ГЛАГОЛИТЕ ........ 53
6. **Величковска Родна** – ЖЕТВАТА И ЖЕТВАРСКОТО ПЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА (КУЛТУРНИ ПАРАЛЕЛИ) ........ 65
7. **Веселиновска Снежана Ставрева** – СТАВОВИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ЗА СВОЈАТА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ........ 75
8. **Гладышева Светлана Николаевна** – БЕЛАЯ АРМИЯ В ПУБЛИЦИСТИКЕ А. И. КУПРИНА, И. С. ШМЕЛЕВА И Р. Б. ГУЛЯ ........ 87
9. **Голаков Костадин, Ниами Емил** – СТИЛОТ НА ПРЕВОДОТ НА ДРАМАТА НА А. П. ЧЕХОВ „ВИШНОВАТА ГРАДИНА“ ОД МАРИЈА НАЈЧЕВСКА-СИДОРОВСКА ........ 95
10. **Грачева, Жанна** – ПОХВАЛА, КОМПЛИМЕНТ И ЛЕСТЬ КАК РЕЧЕВОЙ АКТ (НА МАТЕРИАЛЕ ТВОРЧЕСТВА В. НАБОКОВА) ........ 103
11. **Гркова Марија** – УСВОЈУВАЊЕТО НА ПЕРФЕКТОТ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО ШТИПСКО ........ 109
12. **Грујовска Сашка** – ГРАМАТИЧКИ СРЕДСТВА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ ПРЕКАЖАНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ........ 119
13. **Денкова Јованка** – КЕРОЛОВСКАТА ФАНТАСТИКА НА ЈАН ЛАРИ ........ 127
14. **Денковска Милица** – ПАТУВАЊЕТО КАКО ИСТРАЖУВАЧКИ КОНЦЕПТ ВО КНИЖЕВНИТЕ СТУДИИ ........ 139
15. **Деревская Евгения** – ФРАЗЕОЛОГИЗМЫ ВОРОНЕЖСКИХ ГОВОРОВ, ХАРАКТЕРИЗУЮЩИЕ ЧЕЛОВЕКА ПО ЕГО ОТНОШЕНИЮ К ТРУДУ (ЭТНОЛИНГВИСТИЧЕСКИЙ АСПЕКТ) ........ 149
16. **Дёгтева Ярославна** – ЧУЖОЙ ВЗГЛЯД В РОМАНЕ «ИДИОТ» Ф. М. ДОСТОЕВСКОГО ........ 155
17. **Димитриева-Ѓорѓиевска Марина** – ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА. УЛОГАТА, СТАВОВИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС ........ 161

18. **Димова Марија Ѓорѓиева –** (ИНТЕР)ТЕКСТУАЛНИ ТРАНСМИГРАЦИИ ................ 169

19. **Донев Драган, Крстева Марија –** ПОТРЕБАТА ОД ПРЕВОДОТ ВО ГЛОБАЛИЗИРАНИОТ СВЕТ ................ 179

20. **Ѓорѓиевска Ева –** СЕМИОТИКАТА НА „ПРАШКИТЕ ГРОБИШТА" ОД УМБЕРТО ЕКО ................ 185

21. **Erol Çalişkan, Şerife Seher –** AN EXAMPLE TO THEATRICAL VILLAGE PLAYS FROM THE BOLU REGION: HASAN PLAY ................ 195

22. **Žigić Vesna -** SOCIAL NETWORKS AND EDUCATION OF THE BLIND AND VISUALLY IMPAIRED STUDENTS ................ 203

23. **Ivanovska Lela –** THE ROLE OF METACOGNITIVE LISTENING STRATEGIES IN LEARNING ENGLISH AS A FOREIGN LANGUAGE ................ 213

24. **Jugreva Marija –** LEXICAL PROCESSING: MODELS OF WORD RECOGNITION ................ 221

25. **Караниколова-Чочоровска Луси –** ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ТРАДИЦИЈАТА И МЕНТАЛИТЕТОТ ВО РАСКАЗОТ „СТАРИТЕ ДНИ" ОД БОРА СТАНКОВИЌ ................ 229

26. **Кирова Снежана, Кузмановска Драгана, Иванова Биљана –** ФРАЗЕОЛОГИЗМИ СО БРОЕВИ ВО АНГЛИСКИОТ И ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ................ 237

27. **Kitanovska–Kimovska Sonja, Neshkovska Silvana –** HANDLING OF CULTURE-SPECIFIC TERMS IN TRANSLATION ................ 247

28. **Ковачева Лидија –** СИМБОЛИКАТА НА РОЗАТА ВО РИМСКИТЕ ПРАЗНИЦИ И ПОГРЕБНИТЕ ОБИЧАИ И ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА ................ 259

29. **Kovačević Maja –** COMPOUNDS IN THE SERBIAN ENGINEERING DISCOURSE ................ 267

30. **Кожинкова Весна –** КУЛТУРНИОТ И ЕТНИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЕГЕЈСКИТЕ МАКЕДОНЦИ ВРЗ ПРИМЕРИ ОД МАКЕДОНСКИОТ РОМАН ................ 275

31. **Koceva Ana –** A CROSS-CULTURAL STUDY OF COMPLAINT STRATEGIES BY MACEDONIAN AND AMERICAN HIGH-SCHOOL STUDENTS ................ 287

32. **Коцева Весна, Тодорова Марија –** КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ СО СТРУКТУРИРАН ИНПУТ ВО РАМКИТЕ НА ПОУЧУВАЊЕТО ГРАМАТИКА СО ОБРАБОТКА НА ИНПУТ ................ 293

33. **Коцева Даниела, Мирасчиева Снежана –** РАЗВОЈОТ НА КУЛТУРАТА ПОД ВЛИЈАНИЕТО НА КОМУНИКАЦИОНИТЕ МЕДИУМИ ................ 301

34. **Кузмановска Драгана, Мрмеска Викторија –** КОЛОКАЦИИТЕ КАКО НЕИДИОМАТСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ ПРОСЛЕДЕНИ ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ................ 309

35. **Кусевска Марија, Ивановска Билјана, Даскаловска Нина –** УЛОГАТА НА ЕМПИРИСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА РАЗВИВАЊЕ ПРАГМАТИЧКА КОМПЕТЕНЦИЈА КАЈ ИЗУЧУВАЧИТЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ................ 317

36. **Kyrchanoff Maksym W. –** NON-ACADEMIC FORMS OF CONSTRUCTIVISM IN FOLK HISTORICAL IMAGINATIONS IN MACEDONIA AND SLOVENIA ................ 325

37. **Лапыгина Мария –** СРАВНИТЕЛЬНАЯ ХАРАКТЕРИСТИКА ЛЕКСИЧЕСКИХ СРЕДСТВ СОЗДАНИЯ ОТРИЦАТЕЛЬНОГО ИМИДЖА ПОЛИТИКА В РУССКИХ И СЕРБСКИХ ПЕЧАТНЫХ СМИ ................ 333

38. **Lah Meta –** GAMES SERVING AS DIDACTIC TOOLS: ATTITUDES OF PROSPECTIVE TEACHERS OF FOREIGN LANGUAGES ........ 339

39. **Леонтиќ Марија –** ИДНО ВРЕМЕ ВО ТУРСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 349

40. **Лесных Наталья –** ДЕ- И РЕМИФОЛОГИЗАЦИЯ ИСТОРИИ В ПЬЕСЕ М. УГАРОВА «ГОЛУБИ» ........ 361

41. **Ljubicic Gordana –** IS GRAMMAR-TRANSLATION METHOD REALLY DEAD ........ 371

42. **Ljubotenska Dragana –** SOCIAL MEDIA AND THE LATEST TENDENCIES IN WORD FORMATION AMONG TEENAGERS ........ 379

43. **Маролова Даринка –** ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕВОДНА ЕКВИВАЛЕНТНОСТ МЕЃУ СПЕЦИФИЧНИТЕ ГРАМАТИЧКИ ФЕНОМЕНИ ВО ГЕРМАНСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК........ 385

44. **Магдинчева-Шопова Марија, Бошков Татјана, Јошески Душко –** ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОФЕСИОНАЛНОТО РАБОТЕЊЕ ........ 395

45. **Мартиновска Виолета –** ПРИДОНЕСОТ НА АКАДЕМИК ВЛАДИМИР МОШИН ЗА СЛОВЕНСКИТЕ РАКОПИСИ ВО МАКЕДОНИЈА ........ 405

46. **Мирасчиева Снежана, Коцева Даниела –** ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА: НОВИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ПРАКТИКА ........ 411

47. **Митковска Лилјана –** ИЗРАЗУВАЊЕ НАДВОРЕШНА ПРИСВОЈНОСТ: МАКЕДОНСКИОТ НАСПРЕМА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ........ 419

48. **Младеноски Ранко –** ПОЕЗИЈАТА ВО РОМАНИТЕ НА ВЕНКО АНДОНОВСКИ ........ 429

49. **Morris Kevin –** CHINESE CUBANS. TRANSNATIONAL ORIGINS AND REVOLUTIONARY INTEGRATION ........ 439

50. **Нагина Ксения –** ДИАЛОГ М. КУНДЕРЫ И Ф.М. ДОСТОЕВСКОГО: К ВОПРОСУ О ПРЕСТУПЛЕНИИ И ЕГО МОТИВАХ ........ 451

51. **Николенко Делфина Јованова –** КОРЕЛАЦИЈА, МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ЗБОРУВАЧИТЕ НА СЛОВЕНСКИТЕ ЈАЗИЦИ ........ 461

52. **Николовска Виолета –** СЕМАНТИЧКО-СИНТАКСИЧКИ ИМПЛИКАЦИИ НА ГЛАГОЛОТ ЧУВСТВУВА ........ 469

53. **Обухова Елена –** ОСОБЕННОСТИ ПЕРЕВОДА ИМЕН СОБСТВЕННЫХ С РУССКОГО ЯЗЫКА НА МАКЕДОНСКИЙ ЯЗЫК НА ПРИМЕРЕ РОМАНА Д.ДАНИЛОВА «ОПИСАНИЕ ГОРОДА» ........ 477

54. **Овсянникова Ксения –** РЕДАКТОРСКАЯ ПРАКТИКА В СИСТЕМЕ ОБРАЗОВАНИЯ: ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ, ПРОБЛЕМЫ И ПЕРСПЕКТИВЫ. ........ 485

55. **Павлова Ирена, Ивановска Билјана –** ЗБОРООБРАЗУВАЧКИ ПРОЦЕСИ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ ИЗВЕДЕНИ ОД СОПСТВЕНИ ИМИЊА ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ........ 491

56. **Panajotović Artea –** YIN-YANG DUALISM IN GETHENIAN BIOLOGY AND POLITICS IN URSULA K. LE GUIN'S THE LEFT HAND OF DARKNESS ........ 499

57. **Петреска Весна –** ЖИВОТИНСКИОТ КОД ВО СВАДБЕНАТА ОБРЕДНОСТ: КУЛТУРНИ ПАРАЛЕЛИ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА ....... 507

58. **Петровска-Кузманова Катерина –** НАРОДНА ДРАМА, МАКЕДОНСКО-РУСКИ ПАРАЛЕЛИ ....... 515

59. **Pop Zarieva Natalija, Iliev Krste –** LADY CAROLINE LAMB AND LORD BYRON: GLENARVON - A VAMPIRE OR A WANDERING JEW....... 523

60. **Продановска-Попоска Весна –** ПРЕГЛЕД НА МАКЕДОНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ГЛАСОВЕН СИСТЕМ: ВЛИЈАНИЕТО НА МАЈЧНИОТ ЈАЗИК ВО СОВЛАДУВАЊЕТО НА ПРАВИЛЕН ИЗГОВОР НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ....... 529

61. **Ристова-Михајловска Милена –** ЖАНРОТ ПОЛЕМИКА ВО ДОМАШНАТА И СВЕТСКАТА ЛИТЕРАТУРА....... 541

62. **Рыбачева Лариса –** ВЕРБАЛИЗАЦИЯ ЭМОЦИЙ В РУССКОЙ ЯЗЫКОВОЙ КАРТИНЕ МИРА ....... 549

63. **Сахарова Дарья –** МЕСТО НАУЧНО-ПОПУЛЯРНОЙ ЛИТЕРАТУРЫ В ЖИЗНИ СОВРЕМЕННЫХ ДЕТЕЙ И ПОДРОСТКОВ: ИТОГИ СОЦИОЛОГИЧЕСКОГО ИССЛЕДОВАНИЯ. РЕДАКТОРСКИЙ АСПЕКТ ....... 555

64. **Сидорова Елена, Швецова Ольга –** МЕТОДИКА ПРЕПОДАВАНИЯ РУССКОГО ЯЗЫКА В ШКОЛЕ И ВУЗЕ: ТОЧКИ СОПРИКОСНОВЕНИЯ, ПРОБЛЕМЫ, ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ. ....... 563

65. **Симонова Светлана, Белоусов Арсений –** К ПРОБЛЕМЕ ЭТИКО-ЭСТЕТИЧЕСКОГО СИНТЕЗА В РУССКОЙ ФИЛОСОФИИ XX ВЕКА ....... 571

66. **Симоска Силвана –** „СВЕТОТ КАКО ПОЛЕ ЗА КУЛТУРЕН НАТПРЕВАР МЕЃУ НАРОДИТЕ“ – ТЕОРИСКИТЕ ПРЕМИСИ ЗА КУЛТУРАТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ....... 581

67. **Станојоски Игор –** КОНКЛУЗИВОТ ВО БУГАРСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК И ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ....... 591

68. **Stojanovska-Ilievska Natasha -** THE MACEDONIAN COMPONENT OF THE 1. INTERNATIONAL CORPUS OF LEARNER ENGLISH ....... 597

69. **Сулејмани Умит -** ПРЕЧКИ ВО КОГНИТИВНОТО УЧЕЊЕ ОД АСПЕКТ НА НАСТАВНИЦИТЕ ....... 603

70. **Тантуровска Лидија –** „ВАСИЛИА ПРЕКРАСНА“ ....... 613

71. **Тасевска Марица, Миленкоска Милкица -** ЗАСТАПЕНОСТА НА ВЕШТИНАТА ЗБОРУВАЊЕ ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК ....... 635

72. **Тернова Татьяна –** ПРОБЛЕМА НОВИЗНЫ В ЛИТЕРАТУРА АВАНГАРДА: РУССКИЙ ИМАЖИНИЗМ ....... 643

73. **Тихонова Ольга –** ГЕНДЕРНЫЕ АСПЕКТЫ КРИМИНАЛЬНОГО ЖАНРА В СОВРЕМЕННЫХ ГЕРМАНО-СКАНДИНАВСКОЙ ЛИТЕРАТУРЕ И ТЕЛЕВИЗИОННОМ КИНО ....... 651

74. **Тодорова Марија, Коцева Весна –** УСВОЈУВАЊЕ НА ТРЕТ ЈАЗИК (Ј3) ....... 659

75. **Trajchev Stefan, Trajchovska Marina –** THE PLURILINGUALISM CONCEPT IN THE LEARNING OF THE SECOND FOREIG LANGUAGE ....... 665

76. **Тренчовска Софија –** КАРНЕВАЛИСТИЧКОТО НАСПРОТИ ХУМАНИСТИЧКОТО ДОЖИВУВАЊЕ НА СВЕТОТ ....... 673

77. **Тренчовски Горан –** ДИОНИЗИСКОТО ВО ДРАМАТА „СЛОВЕНСКИ ОРФЕЈ“ ..... 681

78. **Ulanska Tatjana –** TEACHING CULTURE IN THE FOREIGN LANGUAGE CLASSROOM IN ALL LEVELS OF EDUCATION IN MACEDONIA ............................ 691

79. **Урумова-Марковска Славица -** ЃАВОЛОТ И САМОВИЛИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР И НИВНАТА ИМАГИНАРНА ПРЕОБРАЗБА ВО РАСКАЗИТЕ НА МИТКО МАЦУНКОВ ............................................ 701

80. **Фыон Фам Май –** УСТАРЕВШИЕ НАИМЕНОВАНИЯ ОДЕЖДЫ 1. В ПРОИЗВЕДЕНИЯХ И.А. БУНИНА ........................................................................ 709

81. **Hadzi-Nikolova Adrijana, Tasevska Marica –** EDUCATIONAL TECHNOLOGY, THREAT OR BENEFIT TO TEACHERS .................................................................... 715

82. **Чарыкова Ольга –** ЭТНОКУЛЬТУРНАЯ СПЕЦИФИКА МЕТАФОРИЧЕСКОЙ НОМИНИЦИИ ...................................................................... 727

83. **Чурсина Дарья –** НАИМЕНОВАНИЯ ЖИЛИЩА В ВОРОНЕЖСКИХ ГОВОРАХ В ЭТНОЛИНГВИСТИЧЕСКОМ АСПЕКТЕ ................................................ 735

84. **Шеху Флорина, Котева Мојсовска Татјана –** ПОСТАВЕНОСТА НА КОМУНИКАЦИСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ИНИЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ ........................................................................ 741

85. **Шутаров Васко –** ПРОЕКЦИИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА, СПОРЕД „НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2022 ГОДИНА“ ................ 751

86. **Wanke Michał –** MOVING LAB BEYOND THE BORDERS. RESEARCH NOTES A PROPOS THE FREEDOMBUS INTERDISCIPLINARY PROJECT ............... 759

**УДК: 37.091.12:005.963.5**

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕВОДНА ЕКВИВАЛЕНТНОСТ МЕЃУ СПЕЦИФИЧНИТЕ ГРАМАТИЧКИ ФЕНОМЕНИ ВО ГЕРМАНСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Даринка Маролова**[1]

[1]д-р, Филолошки факултет – Штип Институција, E-mail: darinka.marolova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Предмет на истражување на оваа научна работа е трансферот на некои специфични граматички феномени од германски на македонски јазик и обратно. Анализата се врши на примери од одбрани извадоци од германски и македонски книжевни текстови, компаративно со нивните преводи на македонски, односно на германски јазик. Притоа од транслатолошки аспект се разгледува присуството на специфики во граматиката, и тоа во поглед на употребата на субјектот во реченицата, развиениот атрибут, глаголскиот вид и колокациите. Цел на истражувањето е да се прикажат начините, како преведувачите воспоставуваат преводна еквивалентност при преведувањето на специфичните граматички елементи.

***Клучни зборови:*** *преводна еквивалентност, транспозиција, субјект, развиен атрибут, глаголски вид*

***Вовед***

Голем број на транслатолошки истражувања, како оние на Хениг /Кусмаул (Hönig/Kußmaul 1982), Снел-Хорнби (Snell-Hornby 1986), Фермер (Vermeer 1994), Герцимиш-Арбогаст (Gerzymisch-Arbogast 1997) го застапуваат гледиштето дека преведувањето не претставува чист процес на декодирање на елементите од еден на друг јазик, туку дека при преведувањето се посредува меѓу култури со помош на текстови. Притоа треба да се нагласи

дека меѓу културите постојат извесни бариери кои би можеле да придонесат кон проблеми со разбирањето[1].

Секоја култура поседува сопствени специфичности, т.н. културноспецифични феномени. Под културноспецифични феномени се подразбираат сите оние специфични објекти или апстрактни појави, кои што се цврсто сраснати за културата и предизвикуваат одредени претстави, а се непознати за другите култури или кај припадниците на другите култури предизвикуваат поинакви претстави. Нив ги има во сите животни полиња и го карактеризираат начинот на живеење на припадниците на една култура. Овде спаѓаат материјалните предмети, како што се облека, храна, музички инструменти, алати итн. како и дејствија, концепти, системи, ставови, навики, традиции, институции, титули, хумор, табу-теми итн. За Норд (Nord 1993:22) културноспецифични се „сите форми на (јазично и нејазично) делување и однесување, кои врз основа на нормите, конвенциите и мислењата што владеат во една културна заедница се различни од оние во другите заедници“. Хансен (Hansen 1996:63), пак, под културната специфика ги опфаќа „сите културни и социо-економски дадености на еден јазичен простор, кои во одредена ситуација ќе доведат до одредено разбирање и до соодветно однесување“. Во секој случај културноспецифичните феномени денес сведочат за разликите во доменот на општеството, политиката, социјалата и културата кои со векови се развивале во склад со географските, климатските, политичките, економските услови на околината. Со други зборови културната специфика го одразува идентитетот на етничките групи.

Јазикот, исто така, претставува систем, длабоко вкотвен за една култура кој го карактеризира специфичниот начин на живеење на членовите на заедницата и почива на нормите и конвенциите кои се различни од оние во другите заедници и кои, исто така, со векови наназад се развивале во зависност од надворешните прилики. Па, како таков и јазикот фунгира како културноспецифичен феномен.

Од голема релевантност за транслатологијата се јазичните и комуникациските културноспецифични феномени (повеќе кај Маролова 2014). Јазичните специфични феномени се јавуваат ниво на јазик и ги опфаѓаат феномените на лексиката, граматиката и графемиката.

Предмет на истражување на оваа научна работа се феномените на граматиката и нивните преводни еквиваленти. Поконкретно ќе се осврнеме на употребата на субјектот во реченицата, развиениот атрибут, глаголскиот вид и на колокациите, ставајќи акцент на трансферот на специфичните граматички феномени од германски на македонски јазик и обратно при книжевното преведување. За целите на анализата се одбрани извадоци од германските романи од Херман Хесе: „Степскиот волк“, „Нарцис и Златоуст“ и „Игра со

[1] За надминување на културните бариери би можеле да послужат т.н. „културни речници“ (сп. Gerzymisch-Arbogast 1994:83)

стаклени монистра“, од македонските раскази „Конзулска ноќ“ од Коле Чашуле, „Човек на покривот“ од Јован Бошковски и од народните приказни „Само месо дома дошло“ и „Мома Тентелина и Волци“.

***Воспоставување на преводна еквивалентност меѓу специфичните граматички феномени***

***Употреба на субјект***

Присуството на субјект во реченицата и во дел-реченицата (како составен дел од сложената реченица) е задолжително во германскиот јазик. Додека, пак, во македонскиот јазик, по правило нема именување на субјектот ако е имплициран преку глаголот или преку повратната заменка, или, пак, доколку е спомнат претходно.

**Пример 1.** *Kaum hatte **ich** einen Schluck Elsässer genommen, so spürte **ich**, dass **ich** heut noch nichts gegessen hatte außer dem Frühstücksbrot.* (Hesse, H., Der Steppenwolf, S. 45)

**(превод)** *Штом испив една голтка елзашко вино, сетив дека дента не сум јадел ништо друго освен појадокот.* (Хесе, Х., Степскиот волк, стр. 43)

**Пример 2.** *Дури тогаш, така загледан во тоа истуткано парче хартија, се сетив дека и по седум години неразделно другарување, не му го знам името. Го пребарав трупот уште еднаш но никаква трага ни од име ни од адреса не најдов.* (Чашуле, К., Конзулска ноќ, стр. 219)

**(превод)** *Erst da, beim Anblick dieses zerknitterten Stücks Papier, bemerkte **ich**, dass **ich** nach sieben Jahren untrennbarer Kameradschaft seinen Namen nicht kannte. **Ich** suchte seinen Körper noch einmal ab, aber ich fand keine Spur eines Namens oder einer Adresse.* (Casule, K., Die Nacht des Konsuls, S. 60)

Во германскиот текст (пример 1) повеќепати е присутен субјектот *ich* (мк. *јас*), а во македонскиот превод субјектот е тотално отсутен и се иплицира преку конјугираната форма на глаголот или сложените глаголски форми. Кога не би го изоставил преведувачот субјектот, би имало негово повеќекратно повторување и реченица на македонски би звучела неприродно, односно би се добило впечаток дека премногу се нагласува вршителот на дејството. Во преводот од македонски на германски (пример 2) преведувачот повеќепати го додал субјектот *ich* (мк. *јас*) за да биде реченицата во согласност со правилата на стандардниот германски јазик. Во двата примера е воспоставена еквивалентноста со примена на преведувачката постапка транспозиција, одноно граматичка промена.

***Развиен атрибут***

Во германската реченица често се среќава развиен атрибут (кој е понекогаш многу долг) со примена на партиципна конструкција од глаголот во позиција пред именката што ја определува. Вакви конструкции се можни во македонскиот јазик само доколку атрибутот е релативно кус, инаку ова не е својствено за овој јазик. Па истата функција ја има релативната реченица или глагол во пратицип (глголска придавка), кои по правило доаѓаат по именката што ја определуваат.

**Пример 3.** *Der Orgelbauer hat nach **einem bei seinem Bunde schon damals geltenden Grundsatz** seinen Namen verborgen gehalten und sich Silbermann genannt, nach seinem Vorgänger im achtzehnten Jahrhundert.* (Hesse, H., Das Glasperlenspiel, S.25)

**(превод)** *Конструкторот на оргулите според **начелото кое уште тогаш важело во Сојузот** го прикрил сопственото име и се нарекол Зилберман, по својот претходник од осумнаесетион век.* (Хесе, Х., Игра со стаклени монистра, стр. 29)

Во преводот на пример 3 повторно е применета транспозиција, односно граматичка парафраза па, така, на местото на развиениот препозитивен атрибут стои релативна реченица по именката на која што се однесува. Доколку би посегнал преведувачот по буквален превод преводот на македонски би звучел неприродно (*уште тогаш во сојузот важечкото начело).*

**Пример 4.** *[...] по јакото челично **јаже растегнато од едната страна до другата**, одеше господинот професор по жицата и ги претставуваше своите продукции поигрувајќи по жицата во такт со Штраусовите валцери [...]* (Бошковски, Ј., Човек на покривот, стр. 113)

**(превод)** *[...]aber oberhalb des Balkons, auf **dem von einem Haus zum anderen gespannten Drahtseil** ging der Professor und führte seine Nummer vor, indem er auf dem Seil nach Straußwalzern tanzte [...]* (Boskovski, J., Der Mann auf dem Dach. S. 48)

Во преводот на пример 4 на германски јазик е воспоставена таква еквивалентна врска, што е направена граматичка промена-транспозиција, при што преведувачот едноставно го стационирал развиениот атрибут со примена на партиципна форма од глаголот пред именката и постапил правилно, затоа што реченицата на германски јазик звучи сосема природно. Единствевна друга можност која би дошла во предвид во овој случај е примена на релативна реченица во постпозитив: *dem Drahtseil, das von einem Haus zum anderen gespannt wurde.*

***Глаголски вид***

И германскиот и македонскиот јазик изобилуваат со разни глаголски видови. Поголемиот дел од видовите се присутни во двата јазика, но не секогаш има совпаѓање кај истите глаголи.

**Пример 5.** *Jene wenigen, welche gelegentlich die Einfalt des Abtes etwas **belächelten**, waren desto mehr von Narziß **bezaubert**, dem Wunderknaben, [...]* (Hesse, H., Narziß und Goldmund, S. 9)

**(превод)** *Неколкумина од оние кои понекогаш малку ѝ **се потсмеваа** на опатовата единствена природа, дотолку беа **воодушевени** од Нарцис, чудото од момче[...]* (Хесе, Х., Нарцис и Златоуст, стр. 7)

Глаголот *belächeln* во пример 5 е во деминутивна форма и изразува смалено, ослабнато дејство на глаголот *belachen*. Во преводот како преводен еквивлент стои *се потсмева* и тој сосема одговара на оригиналниот збор, бидејќи е во деминутивна форма и со истата семантика. Разликата е единствено во тоа што германскиот глагол е преоден а македонскиот е непреоден и повратен. Но тоа се должи на самата природа на јазиците. Преведувачот применил транспозиција, т.е. ја изменил синтаксичката структура, но останал верен на содржината и на стилот.

Во истиот пример се среќава и глаголот *bezaubern* (овде во партицип *waren bezaubert*) кој спаѓа во т.н. каузативен (фактитивен) глаголски вид[2], т.е. глаголи кои изразуваат предизвикување на нова состојба, во овој случај станува збор за состојба на маѓепсаност. Како еквивалент е земена партиципната форма *беа воодушевени* која припаѓа на друг глаголски вид, имено на мутативниот, затоа што изразува премин кон друга состојба (значи е применета транспозиција). Освен тоа *воодушевува* е само приближно преводен еквивалент за *bezaubern* што претставува еден вид семантичко оддалечување. За да би се придржал кон семантиката, но и кон стилот на оригиналот би требало да се употреби глагол повторно од каузативен (фактитивен) вид, имено *маѓепсува* (во пратицип *беа маѓепсани*).

**Пример 6.** *После го **натерале** да **попее** и магарето. Клетото магаре!* (Само месо дома дошло, стр. 15)

**(превод)** *Dann **baten** sie den Esel, etwas zu **singen**.* (Das Fleisch kam ganz allein ins Haus! S. 196)

Глаголот *натерале* кој се среќава во примерот 6 е од резултативен вид, така што од самата форма произлегува дека дејството од основниот глагол завршило со успех. Но, во германскиот превод оваа резултативност не се гледа, затоа што е употребен неутрален глагол *bitten* (мк. *моли*) во минато време

[2] Глаголските времиња што изразуваат минато дејство во македонскиот јазик, Емилија Бојковска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје Предавање на Институтот за славистика Универзитет „Карл Франц“ – Грац 5 јуни 2013

(применета е транспозиција). Оттука произлегува и неизвесноста дали воопшто е завршено глаголското дејство. Во истата реченица се среќава и глаголот *попее,* кој претставува деминутивна форма од глаголот *пее*, односно означува краткотрајно дејство. Во германскиот превод како преводен еквивалент стои неутралната форма *singen* (мк. *пее*) и не се наговестува краткотрајноста на дејстото. Во двата случаја е занемарен глаголскиот вид и како резултат на тоа се јавуваат извесни семантички отстапки. Па, за да се воспостави попрецизна преводна еквивалентност предлагаме парафразирања на изразот со: *Sie haben den Esel genötigt, ein bisschen zu singen.*

***Колокации***

Културнопспецифичната заднина кај колокациите се должи на фактот што зборовите кај јазиците се јавуваат во различни колокациски врски. Ова особено доаѓа до израз кај оние колокации чии составни делови скоро и да не може да се најдат надвор од колокациските врски.

**Пример 7.** *[...] dann **bleckte** der Wolf in ihm **die Zähne** und lachte und zeigte ihm mit blutigem Hohn, wie lächerlich dieses ganze edle Theater einem Steppentier zu Gesicht stehe [...]* (Hesse, H., Der Steppenwolf, S. 56)

**(превод)** *[...] тогаш волкот во него **ќе му покажеше заби**, ќе се исклештеше и со крвав презир ќе му укажеше колку смешно му прилегаше овој благороден театар на едно степско животно[...]* (Хесе, Х., Степскиот волк, стр. 56)

Една таква културноспецифична колокација претставува изразот *die Zähne blecken* (мк. *покажува заби, ‘ржи*, т.е. ги покажува забите со готовност за напад) кој го среќаваме во пример 7. Нејзините составни делови се толку цврсто сраснати што лексемата *blecken* скоро никогаш не се јавува сама. Преведувачот употребил приближен преводен еквивалент со синтагмата *покажува заби*, која и по форма и по значење најблизу стои до оригиналот, иако нејзините составни делови егзистираат и како одделни лексеми. Во овој случај би можело да се постигне приближна преводна еквивалентност и со изразот *ќе му за’ржеше.*

**Пример 8**. *До самиот корен од јасиката бабата **завалила оган** и на огнот клала еден сач (вршник) н’опаку.* (Мома Тентелина и Волци, стр. 202)

**(превод)** *Am Fuße der Pappel **machte** die Alte **ein Feuer**, auf dieses Feuer stellte sie verkehrt einen irdenen Topf.* (Das Mädchen Tentelina und die Wölfe, S. 11**)**

И во македонскиот јазик постојат лексеми, кои надвор од колокацијата исчезнуваат со текот на време. На пр. глаголот *завалува* не можеме да го сретнеме со други зборови освен во комбинација со *оган*[3]. Изразот *завалува оган* означува да се направи оган во печка или на друго место во куќата, во

[3] Во некои региони на Македонија се среќава во комбинација со *печка* (пр. *ја завалува печката*)

дворот или под отворено небо со одредена цел, односно корист, на пример за загревање, готвење, перење и сл. Преведувачот за преводен еквивалент ја избрал фразата *Feuer machen*, која е општа и се однесува на палење оган на кое било место со или без некоја корист (дури и на подметнување на пожар). Значи, овде е употребен приближен превод. Освен тоа врската меѓу елементите во германскиот превод не е толку цврста како во македонскиот јазик. Подобра опција од аспект на значењето би било за преводен еквивалент да се земе парафразата *eine offene Feuerstelle machen*.

***Заклучок***

Погоре наведовме дека јазикот претставува систем кој е цврсто сраснат за соодветната култура и го карактеризира специфичниот начин на живеење на членовите на заедницата, почивајќи на нормите и конвенциите кои се различни од оние во другите заедници и кои, исто така, со векови наназад се развивале во зависност од надворешните прилики. Па, како неразделен дел од јазикот, граматичките феномени овде ги третираме како специфични феномени со културна заднина. За поткрепување на овој став искористивме осум примери со граматички особености од германскиот и од македонскиот јазик, од книжевни дела извадени со својот минимален контекст. Примерите се анализираа паралелно со нивните преводи на македонски, односно на германски јазик. Анализата покажа дека спецификите на еден јазик особено доаѓаат до израз во споредба со друг јазик.

Најпрво беше анализирана употребата на субјектот во германскиот и во македонскиот јазик. Дури и кога неговата импликација е сосема јасна, употребата на субјектот во секоја реченица и дел-реченица е основно правило за германскиот јазик. На тој начин се потенцира вршителот на дејството. Оваа појава има длабоки корени во минатото и веројатно се должи на потребата на Германците да бидат сосема јасно, недвосмислено разбрани. Во македонскиот јазик, пак, најчесто само се алудира на вршителот на дејството со помош на други јазични средства, како што се конјугираната форма на глаголот, повратните заменки и сл. Токму поради тоа при преведување разликите најчесто и најсоодветно се надминуваат со примена на транспозиција, односно граматичка промена, т.е. со додавање на субјектот при преведување од македонски на германски, односно со негово испуштање при преведување од германски на македонски јазик.

За целите на анализата беа земени и примери со развиен атрибут, од што се констатира дека во германскиот јазик често се употребуваат развиени (понекогаш навистина долги) атрибути со формите за партицип 1 и партицип 2 од глаголот и овие атрибути стојат пред именката што ја определуваат. Културната заднина на овој феномен се должи на тоа што Германците, општо, важат за прилично трпеливи и истрајни луѓе. Па, се чини дека оваа особина со текот на времето навлегла и во јазикот. Развиениот атрибут е присутен и во македонскиот јазик, но пред сè во некои уметнички текстови, додека, пак, во секојдневните коминикациски акти се претпочитаат релативни реченици.

Постојат стереотипи за Македонците, според кои тие важат за прилично нестрпливи луѓе. Па, како такви често ги прекинуваат соговорниците веднаш штом ја добиле потребната информација. Можеби оттаму со текот на времето произлегла потребата поважните елементи да стојат напред, пред второстепените, како што е атрибутот. Преводна еквивалентност кај развиениот атрибут и овде најчесто се воспоставува со граматичка промена, т.е. транспозиција.

Понатаму го анализиравме глаголскиот вид во германскиот и во македонскиот јазик. Од анализата може да се заклучи дека маркирањето на текот, процесот, степенувањето, интензитетот на дејството и сл. со помош на префикси е поинтензивно присутно во македонскиот јазик и ваквиот процес на деривација и денес претставува жив процес. Овој феномен е присутен и во германскиот јазик, но во поограничена употреба. Најголемиот дел од глаголските видови во овој јазик се искристализирани со самиот развој на јазикот и денес се користат како готови елементи на речничкиот фонд на јазикот. Воспоставувањето на преводната еквивалентност од македонски на германски јазик и обратно најчесто се овозможува преку транспозиција од еден во друг глаголски вид (поклопувањето на глаголските видови е реткост) и со приближен превод, а поретко со парафраза.

Колокациите се чисто културноспецифични феномен и се должат на фактот што поврзувањето на зборовите во еден јазик најчесто е различно од поврзувањето на зборовите во друг јазик. Поретко има совпаѓање, особено ако станува збор за јазици кои припаѓаат кон исто семејство. Бидејќи ова не е случај со германскиот и македонскиот јазик, разликите што се јавуваат преведувачот ги надминува со приближен превод и на тој начин воспоставува приближна преводна еквивалентност.

Сосема за крај може да констатираме дека при преведување од германски на македонски јазик и обратно најчесто се воспоставува преводна еквивалентост меѓу специфичните граматички феномени, кои неминовно имаат културна заднина, со примена на транспозиција, односно граматичка парафраза, поретко со приближно преведување и парафраза, а додека, пак, останатите постапки се сосема ретки или отсутни.

**Примарна литература:**


- Бошковски, Ј. (1988) Човек на покривот. Во: Бошковски, Ј. *Човек на покривот*. Скопје, Мисла
  **Превод**: Boskovski, J. (1976) Der Mann auf dem Dach. (Übersetzung: Matthias Bronisch). In: *Moderne Erzähler der Welt. Makedonien. Mit 8 Graphiken makedonischer Künstler*. Tübingen und Basel, Erdmann
- Народно творештво: Мома Тентелина и волците. Во: Шапкарев, К.А. *Избрани дела.* Скопје, Мисла 1976
  **Превод**: Folklore: Das Mädchen Tentelina und die Wölfe (Übersetzung: Martin, G.S.). In: *Makedonische Märchen und Fabeln.* Wiesbaden, Emil Vollmer 1970
- Народно творештво: Само месо дома дошло. Во: *Македонски народни хумористични приказни.* Скопје, Култура 2001
  **Превод**: Folklore: Das Fleisch kam ganz allein ins Hause (Übersetzung: Martin, G.S.). In: *Makedonische Märchen und Fabeln.* Wiesbaden, Emil Vollmer 1970
- Чашуле, К. (1968) Конзулска ноќ. Во Чашуле, К. *Проза (1945-1967).* Скопје, Мисла
  **Превод**: Čašule, K. (1976) Die Nacht des Konsuls (Übersetzung: Matthias Bronisch). In: *Moderne Erzähler der Welt. Makedonien. Mit 8 Graphiken makedonischer Künstler*. Tübingen und Basel, Erdmann
- Hesse, H. (1972) *Das Glasperlenspiel.* Berlin, Suhrkamp
  **Превод**: Хесе, Х. (2006) *Игра со стаклени монистра* (превод: Ива Фиданчева). Скопје, Табернакул
- Hesse, H. (1975) *Narziß und Goldmund.* Berlin, Suhrkamp
  **Превод**: Хесе, Х. (2006) *Нарцис и златоуст* (превод: Лилјана Ефтомова). Скопје, Феникс
- Hesse, H. (1974) *Der Steppenwolf*. Berlin, Suhrkamp
  **Превод**: Хесе, Х. (2007) *Степскиот Волк* (превод: Емилија Бојковска). Скопје, Табернакул


**Секундарна литература:**


- Gerzymisch-Arbogast, H. (1994) *Übersetzungswissenschaftliches Propädeutikum.* Tübingen & Basel, Francke
- Gerzymisch-Arbogast, H. (1997) Translating Cultural Specifics, Macro- and Micorstructural Decisions. In: Hauenschild, Ch./ Heizmann, S. (eds.): *Machine Translation & Translation Theory*. Berlin, de Gruyter 51-67
- Hansen, D. (1996) Zum Übersetzen von Kulturspezifika in Fachtexten. In: Kelletat, Andreas F. (Hrsg.): *Übersetzerische Kompetenz. Beiträge zur universitären Übersetzerausbildung in Deutschland und Skandinavien*. Frankfurt am Main etc. Peter Lang 63–78.
- Hönig H.G. & Kußmaul, P. (1982) *Strategie der Übersetzung. Ein Lehr- und Arbeitsbuch.* Tübingen, Narr
- Marolova, D. (2014) *Kultur in Prosatexten in übersetzungswissenschaftlicher Beleuchtung mit einer exemplarischen Analyse von Texten aus dem Deutschen und dem Makedonischen* (Dissertation). Südosteuropa-Universität, Tetovo, Makedonien
- Nord, Ch. (1993) *Einführung in das funktionale Übersetzen. Am Beispiel von Titeln und Überschriften.* Tübingen & Basel, Franke
- Snell-Hornby, M. (Hrsg.) (1986) *Übersetzungswissenschaft - Eine neue Orientierung. Zur Integrierung von Theorie und Praxis*. Tübingen/Basel, Francke

- Vermeer, H.J. (1994) Übersetzen als kultureller Translfer. In: Snell-Hornby, M. (Hrsg.): *Übersetzungswissenschaft - Eine Neuorientierung. Zur Integrierung von Theorie und Praxis.* Tübingen & Basel, Francke 30-53